325.25:355.45(4-672EU)

М-р Марија Вељовска Кондовска[1]
Проф. Д-р Александар Дончев[2]
Доц. Д-р Александар Китановски[3]

# SFIDAT E SIGURISË DHE KRIZA ME MIGRANTËT NË UNIONIN EVROPIAN

# БЕЗБЕДНОСНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ И МИГРАНТСКАТА КРИЗА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

# SECURITY CHALLENGES AND MIGRANT CRISIS IN THE EUROPEAN UNION

**Abstract**

The European Union has spent years developing the Common European Asylum System (CEAS). EU Member States introduced a CEAS as their long-term goal from the Summit in Tampere. Namely, CEAS aims to ensure that the rights of the asylums under law. The system establishes minimum standards and procedures for processing and assessing claims for asylum and for the treatment of asylum seekers and those granted refugee status. Finally, this article examines the European Union asylum system itself. The article outlines the main parameters of Europe's immigration issue and the right of asylum. It presents the European migration policies of the last decade and traces the reasons behind its complete or almost failure. European Union takes into account for how to get rid of the migrants through certain measures of tightening the law on asylum, and closing the borders. Namely, the

[а] Асистент на Факулет за правни науки, меѓународни односи и дипломатија МИТ Универзитет, Скопје Р. Македонија *Email: m_kondovska@yahoo.com*
[б] Декан на Факулет за правни науки, меѓународни односи и дипломатија МИТ Универзитет, Скопје Р. Македонија, *Email: alekdoncev@yahoo.com*
[в] Доцент на Факулет за правни науки, меѓународни односи и дипломатија МИТ Универзитет, Скопје Р. Македонија *Email: alexmaldives@yahoo.com*

states which most fought against borders and walls which are committed to permanently eliminated, now rushing to raise again. Then, the security threat that has arisen in whole EU due to the issue's mismanagement is pointed out. The main topic of this paper is to investigate the security implications of the current migration crisis on the different levels of security, implications for human, national and regional security.

**Key words:** *security, right of asylum, refugees.*

## Вовед

Во овој труд ќе се разгледуваат прашањата за тековната состојба на миграциската криза во Европа, потоа правото на азил, но и европските потешкотии при апсорбирањето на мигрантите. За таа цел, овој труд се заснова на европската политика за миграција и уште поважно на масивниот прилив на баратели на азил како едно од клучните прашања за загрозување на безбедноста и стабилноста на ЕУ и Западен Балкан.

Европскиот систем за азил претставува напредна регионална рамка за заштита и во политички и во законодавни услови. Имено, на Европскиот систем за азил му недостасуваат механизми за фер, односно праведно дистрибуирање на одговорноста помеѓу државите членки на ЕУ.

Во согласност со внатрешните правила на ЕУ, во земјата каде мигрантите прво пристигнуваат таа земја и треба да се справи со нив, давајќи им привремена дозвола за престој или политички азил. Но, многу од мигрантите сакаат да одат во Германија каде тие имаат подобри изгледи за подобар живот, но и да најдат работа. Клучната точка во овој труд е да се дијагностицира концептот на солидарност, чија примена очигледно се покажа како слабост во Европскиот систем за азил. Земајќи го ова во предвид мигрантската криза во тековниов период е најголемата грижа за Европската унија.

## Развој на европската политика за азил

Азилот се дава на луѓе кои бегаат од прогон или уништување во сопствената земја и поради тоа имаат потреба од меѓународна заштита која ќе им овозможи привремена дозвола за престој или политички азил. Азилот, но исто така и заштита на бегалците и

барателите на азил претставуваат фундаментално право и право признато со Женевската конвенција во 1951 година за заштита и статус на бегалците. Во Европската унија, со отворени граници и слобода на движење, земјитете делат исти основни вредности и државите членки треба да имаат заеднички пристап за да се гарантира високо ниво на заштита на основните права на бегалците. Постапките мора во исто време да бидат правични и ефективни во рамките на ЕУ и отпорни на злоупотреба. Земајќи го тоа во предвид, земјите членки на ЕУ се залагаат за градење на заеднички европски систем за азил (Common European Asylum System, CEAS), кој треба да биде создаден врз основа на целосна имплементација на Конвенцијата од Женева. Всушност, земјите членки на ЕУ се обврзаа да соработуваат и да ја преземаат одговорноста за поднесено барање за азил. Можеме да кажеме дека ЕУ има посветено многу години на градење и подобрување на Заедничкиот европски систем за азил.

Имено, од 1999 година во ЕУ активно се работеше на создавањето на заедничкиот европски систем за азил, и на тој начин се работеше и на подобрување на законодавството во областа на азилот. Меѓутоа во периодот од 1999 година до 2005 година, ЕУ усвои неколку законски постапки, и на тој начин хармонизирајќи заеднички минимум стандарди за азил. Конкретно, Европската унија ја усвои следната легислатива за постигнување на првата и многу важна фаза на Заедничкиот европски систем за азил:

- Регулатива 343/2004/ЕЗ односно Даблин II Регулатива, на местото на Даблинската конвенција од 1990 година (идентификување на земјите членки на ЕУ одговорни за вршење на увид на апликациите за азил);

- Регулативата Еуродак (база на податоци, односно информатички систем за споредување на отпечатоците од прсти на барателите на азил и илегалните имигранти со цел поддржување на примената на регулативата Даблин II);

- Директива за утврдување на условите за прием (the Reception Conditions Directive) (Осигурување на висок степен на хармонизација во поглед на условите за прием на барателите на азил е од круцијално значење; поддршка понудена како здравствена заштита, работа или вработување и образование);

- Директива за квалификација (the Qualification Directive) (утврдува стандарди за доделување на меѓународна заштита); и

- Директива за процедурата на азил (the Asylum Procedures Directive) (2005/85/ЕЗ) (the Asylum Procedures Directive) – носи бројни стандарди кои се однесуваат на процедурите за азил, но не носи единствена процедура. Оваа директива дозволува голем степен на флексибилност во многу области, како што се одредби за забрзана процедура, процедура на граница и слично. Исто така многу важно беше зајакнувањето на финансиската солидарност со формирањето на Европскиот фонд на бегалци.

По завршувањето на првата фаза од Заедничкиот европски систем за азил, почнувајќи од 2005 година, ЕУ почна да работи на надминување на нефункционалните прашања на донесеното законодавство преку ревизија на основните законски мерки. Во суштина, поставувањето на заеднички високи стандарди и посилна соработка за да се докаже дека барателите на азил се третираат подеднакво со отворен и фер систем (каде и да аплицираат). Важно е да се истакне дека Европската комисија ги ревидираше и подобри петте клучни инструменти на политиката за азил.

## Актуелните состојби, бегалците од Блиски и Среден Исток и Европска унија

Пет години после првите антивладини протести на Блискиот исток, познати како Арапска пролет, во некои држави овие крвави судири се уште траат. Очигледно е дека арапскиот свет поминува низ историски промени кои сигурно ќе траат уште долго и кои со себе ќе донесат низа на нови предизвици. Арапската пролет започна во 2011 година со револуцијата во Тунис, која потоа се пренесува во Египет, Либија и во други држави.

Сведоци сме на ерозија на европското единство, додека земјите членки на ЕУ се расправаат на мускули. Имено, двата носечки столбови на ЕУ – Шенгенскиот договор и Договорот од Даблин се урнаа. Во суштина, многу индикативно е тоа што бегалците од Блиски и Среден Исток одат во Европа, а не во земјите на Персискиот залив (Катар, Саудиска Арабија, Обединети Арапски Емирати итн.). Гледајќи од правен аспект, арапските земји ја немаат потпишано и ратификувано Конвенцијата за бегалци од 1951 година со која се утврдуваат обврските на земјите спрема

бегалците, па според тоа и не се обврзани да ги прифатат сириските бегалци, ниту пак други бегалци, како и да им пружат помош. Напротив, во некои земји од северна Африка се воведени дури и визи за Сиријците.

Од друга страна, меѓу бегалците кои пристигнуваат во Европа има значителен број на млади момчиња способни за борба, што го потикнува прашањето зошто не остануваат во својата земја. Бегалците и мигрантите се одлучуваат за несигурниот пат кон Европа. Околу 50.000 бегалци и мигранти се блокирани во Грција, откако во февруари оваа година се затвори ткн. балканска рута, со што е спречено прогресија на бегалците кон Западна Европа. Имено, групи на бегалци кои Грција ги враќа во Турција, би требало да го запре неконтролираниот прилив на бегалци во Европа. Во овој контекст, во согласност со Договорот за ЕУ, Анкара ќе ги прифати назад сите илегални мигранти кои влегле во Грција (вклучувајќи ги и сириските бегалци), доколку за секое лице кое не ги исполнува условите за азил во Грција и кои ќе бидат вратени во Турција, ЕУ да прими по еден бегалец од Сирија (најмногу 72.000 луѓе). Имено, мигрантите од северноафричките земји не можат да добијат право за поднесување барање за азил, со оглед на тоа што овие држави се прогласени за сигурни. Од друга страна пак, Унијата се обврзува на парична помош за Турција, потоа укинување на визите за нејзините граѓани и ревитализирање на пристапните преговори на Турција. При тоа, балканската рута преку која минатата година, поминале повеќе од 850.000 бегалци и мигранти, да остане затворена. Главна цел на овој договор е да се обесхрабрат илегалните мигранти од користење на илегални рути. Сепак, прашањето е дали овој договор претставува само преодна алка во отворањето на некои „нови рути“ (секако надвор од Европа), бидејќи објективно гледано, постигнатиот договор не помага во сузбивањето на миграциските рути.

Неодамнешното ограничување на бројот на бегалци во Австрија предизвика верижна реакција на границите на повеќе земји по должината на ткн. балканска рута, поради што неколку илјади бегалци останаа блокирани на границата на Грција и Македонија. Медиумите истакнуваат дека таквата состојба не некој начин и одговара на германската канцеларка. Во овој контекст како што

пренесува хрватскиот Вечерни лист (Večernji list 11. 03. 2016.)[4], портпаролот на Партијата на Зелените на прашањето на бегалците, смета дека е цинично и лицемерно поздравувањето на намалувањето на бројот на новодојдени, а во исто време критикувајќи го затворањето на границите и едностраните мерки на некои земји. Слични обвинувања доаѓаат и од словенечкиот премиер Миро Церар и австрискиот канцелар Вернер Фајман.

Имено, иако Анкара и Берлин сметаат дека Договорот помеѓу ЕУ и Турција го успорува приливот на мигранти на грчките острови, не го запира приливот, бидејќи обидите за премини преку Егејското море не се запрени, а во Грција и понатаму се блокирани 50.000 луѓе. Понатаму, договорот за размена на сириските бегалци по системот „one in, one out" сега покажува само минорни придвижувања, но ќе биде неопходен долгорочен договор за нивна прераспределба. Потребни се дополнителни решенија кои ќе предвидат можеби и некое ново светско сојузништво и нови прераспределби на влијанието на моќ во светот, особено на Блискиот Исток, каде Турција секако повторно ќе ја има клучната улога.

## Безбедносни импликации на бегалската криза

Предметот на оваа анализа го преминува традиционалното сфаќање за безбедноста кое дава ексклузивитет на прашањата за безбедноста на државите и воените закани, така што безбедноста можеме да ја гледаме и во поширок контекст, во однос на човековата безбедност и заедницата (Buzan, 1991). Анализата на процесот на постојната бегалска криза е од клучно значење, така што на тој начин ќе се согледаат заканите и основните безбедносни прашања. Имено, со анализа на тој процес можат да се идентификуваат два основни дискурса на толкување на бегалската криза од кои се диференцираат два правци кои ја градат заканата. Прво станува збор за закани кои се последица на ксенофобичен дискурс, и од друга страна (вистинските) безбедносни закани кои со себе ја носат бегалската криза. Набљудувајќи ја бегалската криза преку три нивоа на безбедност: човековата безбедност, национална и

[4] 'Merkel protiv zatvaranje balkanske rute, ali joj odgovara".Večernji list, 11.3.2016. godine. Izvor: http://www.vecernji.hr/eu/angela-merkel-protiv-zatvaranje-balkanske-rute-ali-joj-odgovara-1067655 (uvid: 09. 04. 2016.).

регионална безбедност, ќе согледаме за какви можни закани станува збор.

## 1. Безбедност на луѓето

Концептот на безбедноста на луѓето нуди ефикасен пристап во однос со масовното движење на населението во однос на традиционалниот модел на национална безбедност. Традиционалниот модел на национална безбедност се занимава со последиците, додека концептот на безбедноста на луѓето настојува да влијае на причините на постојните проблеми (Vietti & Scribner, 2013). Концептот на безбедност на луѓето се базира на два комплементарни елементи: на отсуство на страв од војна, конфликти и насилство, и второ, на отсуство на економски потешкотии, сиромаштија, болести и други проблеми кои го спречуваат општествениот развој (UNDP, 1994). Неможноста да се воспостави достоинствени животни услови значително допринесува за доброволно и принудно движење на населението во политички стабилни и економско просперитетни региони во светот. Од перспектива на безбедноста на луѓето, клучно е да се воспостават правни механизми, институции и структури кои ефикасно ќе одговорат на постојните предизвици и да пружат заштита на бегалците. Тоа првенствено подразбира да им се обезбеди физичка сигурност и заштита, да се спречи физичко насилство, трговија со луѓе, раздвојување на семејството поради депортација, и пред се да им се обезбедат основни услови за живот и здравствена заштита (Vietti & Scribner, 2013).

Во овој дел ќе се обидеме да ги согледаме импликациите на бегалската криза од перспектива на безбедноста на луѓето. Постојната криза опфаќа бегалци од различни региони. Достапните податоци не се сеопфатни, така што ќе се базираме на анализа на расположливи и достапни податоци. Според податоците на УНХЦР (UNHCR, 2015a) бројот на државјани на Сирија кои бараат меѓународна заштита во Европа е во пораст. Во Европа од април 2011 година до август 2015 година, азил побарале 428.735 лица од Сирија од кои 138.016 лица само во 2014 година. Огромно мнозинство на бегалци заштита побарале во нивните соседните држави, како што се Турција (1.600.000), Либан (1.100.000), Јордан (600.000), Ирак (244.000) и Египет (136.000). Деведесет проценти од бегалците се прифатени од сиромашни земји, додека

Европската унија како економски развиен регион со големи ресурси за прифаќање на бегалци – не одговори соодветно на кризата. Голем број на бегалците пристигнуваат преку ткн. медитеранска рута. Обединетите нации соопштуваат дека во првите седум месеци во 2015 година близу 225.000 бегалци го преминале Средоземното море на патот кон Европа. Повеќе од 2.100 од нив или се удавиле или исчезнале (UNHCR, 2015b). Хуманитарната катастрофа и движењето на населението кон сигурни подрачја е примарно прашање на човековите права. Обврска е на државите да ги почитуваат човековите права содржани во Универзалната декларација за човекови права, Европската конвенција за човекови права, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и други меѓународни конвенции. Особено треба да се нагласи почитувањето на правото на живот, заштита од тортура, нечовечко и понижувачко постапување или казнување, право на азил, слобода на движење и други човекови права. Тука се поставува прашањето за тоа во колкава мера овие права се почитуваат во земјите опфатени со кризата.

Согледувајќи ја досегашната состојба во Европа потребно е критички да се согледаат преземените мерки и да се оцени нивната ефикасност од перспектива на човековата безбедност. Човековите права и европските демократски вредности се универзални и се однесуваат на сите луѓе без оглед на национално, етничко, верско потекло или некое друго обележје. Тие не се ексклузивно право наменето само за граѓаните на Европска унија, туку и за луѓето кои бегаат од загрозените региони во светот, но и за сите други луѓе.

## 2. Национална безбедност

Во теоријата, традиционалниот концепт на националната безбедност кој се смета и за застарен концепт, во центарот ја става безбедноста на државата и зачувување на државниот суверенитет, првенствено од воени закани. Така, современиот пристап на националната безбедност бара сосема поинаква парадигма која покрај воените закани, вклучува и нови закани како економски, еколошки, загрозување на човековите права и демократските вредности, криминал, прашања на големи миграциски движења и други прашања. По студената војна, концептот на национална безбедност подразбира согласност на безбедноста на државата и

граѓаните, а со бегалската криза можни се различни облици на загрозување на националната безбедност, но се јавуваат и различни предизвици со кои се соочуваат државите. Преку анализа на расположливи материјали можат да се идентификуваат некои од нив: а) пораст на нетолеранцијата, екстремизмот и насилството б) општествена дезорганизација во критичните подрачја ц) криминални активности, како и д) економски закани.

Масовниот прилив на расно, етничко и религиозно хетерогено население претставува голем предизвик за одредена национална држава и од таа перспектива претставува закана за нејзиниот статус и моќ. Десничарските групи на бегалци првенствено се гледаат како културна закана и загрозување на традиционалните вредности и националниот идентитет. Нивниот став е доминантно ксенофобичен. Расните, етничките, јазичните и другите културни разлики создаваат идентитетски тензии, со што се отежнува интеграцијата на бегалците, а од друга страна, кај имигрантите се создава спротивставување со кое ги истакнуваат разликите и се однесуваат поразлично од она што навистина се. Некои одат уште многу подалеку од тоа, тврдејќи дека нивните фрустрации завршуваат со вршење на насилни акти (Maluf, 2003). Во околности на одбивање и неприлагодување, бегалците можат да побараат засолниште и заштита кај радикалните исламски центри во земјите на западна Европа каде неизбежно подлежат на влијание од радикалните верски учења. Тие делат исти фрустрации, исти верски идентитет, припадност на арапската култура, говорат ист јазик – што ги прави подложни за манипулација и регрутирање. Станува збор за реакција на бегалците на политиката на одбивање, на често нехуманото постапување, дискриминацијата, нетолеранцијата, ксенофобијата, расно мотивирани напади во земјите на транзиција и нивната крајна дестинација. Постојат предупредувања на се поголем пораст на бројот на исламски екстремисти во тие земји.

Друг аспект на загрозувањето на националната безбедност се однесува на општествената дезорганизација во критичните подрачја, преку сообраќајот, блокада на граничните премини, нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем, но и судир меѓу полицијата и бегалците. Различните криминални активности исто така можат да бидат поврзани со бегалската криза. Доминантен проблем е криумчарењето на луѓе. Илегалните премини преку

државните граници претставуваат повреда на државниот суверенитет, бидејќи ја доведуваат во прашање способноста на државата да воспостави контола над својата територија (Vietti & Scribner, 2013). Понатаму, рестриктивната имиграциона политика на Европската унија несомнено допринесува кон овој процес кој организираните криминални групи многу вешто го користат. Покрај криумчарењето на луѓе можни се злоупотреби на лажен идентитет, криумчарење на дрога, оружје, културни добра од земјите кои се погодени од вооружени конфликти како што се Ирак или Сирија, трговија со луѓе и други криминални активности.

Пристапот кон бегалците мора да биде рационален и одговорен, со почитување на човековите права, но и користење на сите расположливи капацитети за утврдување на безбедносните закани и нивно навремено спречување. Воспоставување на механизми за регистрација и безбедносни проверки на тие луѓе, откривање и утврдување на одговорност за оние кои учествуваат во терористички активности или извршиле воени злосторства во земјите од кои доаѓаат. Овој безбедносен аспект е од исклучително значење.

Кризата претставува и економска закана за националната безбедност. Бегалците можат да бидат причина за економски потешкото и да претставуваат товар за буџетот на земјите кои ги прифатиле, но и да влијаат на намалувањето на цената трудот (Bali, 2012). Настанатата кризна состојба претставува посебен предизвик за државите, кој бара детално планирање, материјални ресурси, човечки ресурси и ефикасен кризен менаџмент. Без оглед на интеграционите процеси, европските држави и понатаму ќе продолжат да ги остваруваат безбедносните интереси во националните рамки. Состојбата на терен покажува дека одредени европски држави, државната територија и границите ги ставаат пред безбедноста на луѓето, во овој случај бегалците, и почитување на нивните човекови права. Исто так, бегалската криза е тест за современите концептуални сфаќања на безбедноста и прашање дали традиционалната парадигма е надмината во пракса. Сегашната состојба говори дека во услови на многу безбедносни закани таа добива на значење. Постојната криза ја покажа слабоста на регионалната и меѓународната соработка во пракса.

## 3. Регионална безбедност

Бегалската криза неопходно е да се разгледува и преку призмата на регионалната безбедност. Овде нема да навлегуваме во анализа на геополитички интереси и различни видувања на состојбите, туку ќе ја разгледуваме бегалската криза како последица на вооружен конфликт и општествена стабилност. Ситуацијата на Блискиот Исток има големи импликации не само на регионот туку многу пошироко, на меѓународната безбедност. Егзодусот на населението, тензиите во меѓународните односи, воените злосторства, физичкото насилство, флагрантното кршење на човековите права, воените интервенции – претставуваат сурова реалност на Блискиот Исток.

Прашањето за прифаќање на мигрантите и бегалците доведува до тензии и поделби внатре во самата Европска унија. Претставниците на таканаречениот Источен блок на Европската унија, кој се состои од Унгарија, Чешка, Словачка и Романија, се противат на планот на Европската комисија за распределба на бегалците (Filipović & Pejić, 2015). Постојните миграциски процеси можат да резултираат со конфликти помеѓу државите членки на Унијата (пример Франција во еден период ја затвори својата граница со Италија, како и други слични примери). Ваквите тензии можат да го доведат во опасност Шенгенскиот договор, односно слободното движење на луѓе и стоки без контрола во државите, ткн. Шенгенска зона. Потоа тука ќе го споменеме и влошувањето на односите помеѓу Унгарија и Хрватска, како и помеѓу Хрватска и Србија, како резултат и по повод бегалската криза.

Наведените примери ја доведуваат во прашање ефикасноста на регионалната и меѓународната соработка во областа на безбедноста. Кога ќе се појави надворешна закана која на ист или сличен начин ги загрозува интересите на неколку држави кои припаѓаат на ист политички, културен, економски и безбедносен простор, како што е Европската унија, принципите на регионална соработка и колективна безбедност ја губат својата важност, додека до израз во прв план доаѓаат индивидуалните интереси на државите кои често се спротивставени и кои доведуваат до тензии и сериозни нарушувања на билатералните односи.

Покрај создавањето на регионална нестабилност, постојат и други импликации за меѓународната безбедност. Имено, медиумските претставувања на нехумани, понижувачки и насилни

постапувања кон бегалците, праќаат негативни пораки во светот, кои и на краткорочен и на долгорочен план може да доведат до понатамошна радикализација и насилство.

## CONCLUSION

Access to the asylum system is the first step in the procedure that enables individuals to exercise their right to asylum as it is determined by European documents for the protection of human rights and fundamental freedoms. The European migrant crisis has highlighted the incompatibility or rather inadequacy of the common EU asylum policy. In fact, it emphasizes the need to make a more harmonized and cooperative approach to the system for accommodating and processing asylum seekers. The European Union needs to show more solidarity.

The actual migration and refugee crisis has posed one of the greatest challenges the EU has experienced so far. The appearance of migrants and refugees has stretched the borders of EU cooperation and put one of the fundamental rights of citizens in Europe, free movement, at risk. The EU gave free movement rights to people. Freedom of movement can help to build solidarity between people and governments of different countries. Namely, the EU Treaties have a number of provisions dealing with free movement of people, but evidently the free movement of people throughout the EU comes under threat. Furthermore, on the migration issue, European unity seemed an unreachable goal.

On the other hand, population movements or migrations were always presenting security challenge. It is particularly evident through ongoing migrations of people from the Middle East, because in these countries are operating terrorist organizations (Al Qaida and ISIL), which can easily infiltrate among refugees their terrorist, and threat countries which they are passing through but especially these who are accepting immigrants.

**References**

Bali, S. (2012). Kretanje stanovništva. U P.D. Vilijams (ur.), *Uvod u studije bezbednosti* (str. 584–599). Beograd, Srbija: Službeni glasnik, Fakultet bezbednosti

Betts, A. (2013). *Survival Migration*, Ithaca: Cornell University Press.

Blinder, S. (2014). *Migration to the UK: Asylum*. Migration Observatory Briefing, Oxford. Retrieved from http://migrationobservatory.ox.ac.uk/briefings/migration-uk-asylum (accessed 10 May 2015).

Buzan, B. (1991). *People, States and Fear: An Agenda for International Security Studies in the Post-Cold War Era*. London: Harvester Wheatsheaf, 2nd edn.

Carens, J. (2013). *The Ethics of Immigration*, Oxford: Oxford University Press.

Carlier, J.Y., Vanheule, D. (1997). Europe and Refugees: a challenge? . The Hague: Kluwer Law International.

European Migration Network Study, (2014). The Organization of Reception Facilities for Asylum Seekers in different member States. Retrieved from http://emn.ie/cat_publication_detail.jsp?clog=-1&itemID=2653&t=6

European Resettlement Observatory article. Germany offers to take in 5.000 Syrian refugees. Retrieved from http://www.resettlement-observatory.eu/archivio-news/155-germany-offers-to-take-in-5000-syrianrefugees.html

European Union (2010, March) Charter of Fundamental Rights of the European Union, O.J. C83, vol.53. Retrieved from http://europa.eu/pol/pdf/consolidated-treaties_en.pdf

Filipović, V., & Pejić, M., (2014, 24. Septembar) EU se cepa pred našim očima. Blic. Превземено 24.09.2015. http://www.blic.rs-/Vesti/Svet/592983/EU-se-cepa-pred-nasim-ocima

Geschiere, P. (2009). *The perils of belonging: Autochthony, citizenship, and exclusion in Africa and Europe*, Chicago: University of Chicago Press.

Gibney, M.J. (2004). *The Ethics and Politics of Asylum: Liberal Democracy and the Response to Refugees*. Cambridge: Cambridge University Press.

Goodwin-Gill, G.S. & McAda, J. (2007). *The Refugee in International Law*. Oxford University Press.

**Goodwin-Gill, Guy S.** (1996). The Refugee in International Law, Second Edition, Oxford: Clarendon Press.

Goulbourne, S. (1998). Law and Migration, , Cheltenham: Edward Elgar Publishing.

Hahn, H.P. and G. Klute (eds) (2007). Cultures of migration: African perspectives, Berlin: Lit.

Hathaway, J.C. (1997). Is refugee status really elitist? An answer to the ethical challenge. In: Carlier JY, Vanheule D (eds) Europe and Refugees: A Challenge?, The Hague: Kluwer Law International.

Jonsson, G. (2008). Migration aspirations and immobility in a Malian Soninke village, 10, Oxford: International Migration Institute.

Loescher, G. & Milner, J. (2005). *Protracted Refugee Situations: Domestic and International Security Implications*, New York: Routledge.

Maluf, A. (2003). Ubilački identiteti. Beograd, Srbija: Paideia.

Marfleet, P. (2005). *Refugees in a Global Era*, London: Routledge.

Miller, D. (2008). *National Responsibility and Global Justice,* Oxford: OUP.

Pajo, E. (2007), International migration, social demotion, and imagined advancement: An ethnography of socioglobal mobility, New York: Springer.

Price, M. (2009). *Rethinking Asylum*, Cambridge: Cambridge University Press.

Schuster, L. (2003).The use and abuse of political asylum in Britain and Germany, , London: Frank Cass Publishers.

Shklar, J.N. (1998). *Political Thought and Political Thinkers*. Chicago: University of Chicago Press.

UN General Assembly, (1948, December). Universal Declaration of Human Rights, 217 A (III), Retrieved from http://www.refworld.-org/docid/3ae6b3712c.html.

UNDP (United Nations Development Program). 1994. Human Development Report 1994: New Dimensions of Human Security Technical Report. New York: United Nations Development Program.

UNHCR [Office of the United Nations High Commissioner for Refugees]. (2015a). Europe: Syrian Asylum Applications http://data.unhcr.org/syrianrefugees/asylum.php#

UNHCR [Office of the United Nations High Commissioner for Refugees]. (2015b). The Crisis in Syria. www.unhcr-northerneurope.org/in-focus/the-crisis-in-syria/

Van Hear, N. (2014). Refugees, diasporas and transnationalism. In: Fiddian-Qasmiyeh E, Loescher G, Long K, et al. (eds) The Oxford Handbook of Refugee and Forced Migration Studies. Oxford: Oxford University Press.

Vietti, F. & Scribner, T. (2013). Human Insecurity: Understanding International Migration from a Human Security Perspective. *Journal on Migration and Human Security*, 1(1), 17-31.

Warner, D. (1997). *Migration and Refugees: a challenge for the 21st century*, in Jean-Yves Carlier, Dirk Vanheule, Europe and Refugees: a challenge?, The Hague: Kluwer Law International.

Wellman, C.H. & Cole, P. (2011). Debating the Ethics of Immigration, New York: Oxford University Press.

Zolberg, A.R. Suhrke, A. & Aguayo, S. (1992). Escape from Violence: Conflict and the Refugee Crisis in the Developing World, New York: Oxford University Press.